■ ■ ■ ■

## ПРИЛОГ 3.Б:
## ОПИС НА ОСНОВНИ УСЛУГИ ЗА СООБРАЌАЈ

### Содржина


**ПРИЛОГ 3.Б-1:** 2

**УСЛУГИ ЗА ОРИГИНИРАЊЕ НА ПОВИК** 2

1. Краток опис на услугите 2
2. Избор На Оператор 2
3. Услови за користење на Услугата 5
4. Рутирање 6
5. Надоместоци, Фактурирање 7
6. Параметри за квалитет 7
7. Предвидување 8
8. Одговорност 8
9. Ограничувања при користење на Услугата 8

**ПРИЛОГ 3.Б-2:** 10

**УСЛУГИ ЗА ТЕРМИНИРАЊЕ НА ПОВИК** 10

1. Краток опис на услугите 10
2. Услови за користење на Услугата 11
3. Рутирање 12
4. Надоместоци, фактурирање 12
5. Параметри за квалитет 13
6. Предвидување 13
7. Одговорност 13
8. Ограничуваа при користење на Услугата 13

**ПРИЛОГ 3.Б-3: УСЛУГА ЗА ТРАНЗИТИРАЊЕ НА ПОВИК** 15

1. Краток опис на услугата 15
2.°Услови за користење на Услугата 16
3.°Рутирање 17
4. Надоместоци, фактурирање 17
5. Параметри за квалитет 18
6. Предвидување 18
7. Одговорност 18
8. Ограничувања при користење на Услугата 18

## ПРИЛОГ 3.Б-1:
## УСЛУГИ ЗА ОРИГИНИРАЊЕ НА ПОВИК

### 1. Краток опис на услугите

### 1.1 Услуга За Локално Оригинирање На Повик

Со Услугата За Локално Оригинирање На Повик Давателот На Услуги ги пренесува Локалните Повици, Меѓумесните Повици, Повиците Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија или Меѓународните Повици, оригинирани со Избор На Оператор преку избор на Операторот-корисник, од Претплатничка Пристапна Точка на неговата Мрежа до Локална Интерконекциска Точка во истата Основна Зона.




### 1.2 Услуга За Регионално Оригинирање На Повик

Со Услугата За Регионално Оригинирање На Повик Давателот На Услуги ги пренесува Меѓумесните Повици, Повиците Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија или Меѓународните Повици, оригинирани со Избор На Оператор преку избор на Операторот-корисник, од Претплатничка Пристапна Точка на неговата Мрежа до Регионалната Интерконекциска Точка во истата Регионална Зона.




### 2. Избор На Оператор

### 2.1 Избор На Оператор Врз Основа На Поединечен Повик

**2.1.1** Со Избор На Оператор Врз Основа На Поединечен Повик, операторот за Локални Повици, Меѓумесни Повици, Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија и/или Меѓународни Повици кои оригинираат од Претплатничката Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги преку бирање на Код За Избор На Оператор може да се избере врз основа на поединечен повик. Давателот На Услуги може да се избере врз основа на поединечен повик и кога друг Мрежен

Оператор е веќе дефиниран со Предизбор На Оператор како предефиниран Избран Оператор за таа Претплатничка Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги. Во таков случај Изборот На Оператор Врз Основа На Поединечен Повик, во однос на дадениот Повик, има приоритет над Предизбор На Оператор, така што дадениот Повик се пренесува до Избраниот Оператор избран преку Избор На Оператор Врз Основа На Поединечен Повик.

### 2.1.2 Процес на воспоставување на Повик:

**2.1.2.1** Претплатникот кој има намера да оригинира Повик со Кодот За Избор На Оператор на Операторот-корисник, по тонот за бирање, од Претплатничката Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги, бира било која од низите бројки наведени во Точка 2.1.3.

**2.1.2.2** Давателот На Услуги го пренесува Повикот кој оригинира согласно Точка 2.1.2.1 до Интерконекциската Точка дефинирана со применливото рутирање.

**2.1.2.3** Од Интерконекциската Точка, со Повикот управува Операторот-корисник.

**2.1.3** Со Избор На Оператор Врз Основа На Поединечен Повик Претплатникот може да ги бира следниве формати на броеви дефинирани во Планот За Нумерација:

**а)** за Меѓународни Повици: КИО+МП+КД+ПК+ПБ; или
КИО+МП+КД+КММ+ПБ;

**б)** за Меѓумесни Повици: КИО+НП+ПК+ПБ;

**в)** за Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија:
КИО+НП+КММ+ПБ;

**г)**за Локални Повици КИО+ПБ; или
КИО+НП+ПК+ПБ.

**2.1.4** ˚Претплатникот може со Избор На Оператор да ги бира следниве формати на скратени броеви (СкБ) дефинирани во Планот За Нумерација:

б) за Меѓумесни Повици: КИО+НП+ПК+СкБ;

в) за Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија:
КИО+НП+КММ+СкБ,

г)за Локални Повици КИО+СкБ; или
КИО+НП+ПК+СкБ.

**2.1.5** ˚Претплатникот може со Избор На Оператор да ги бира следниве формати на национални скратени броеви (нСБ) дефинирани во Планот За Нумерација:

б) за Меѓумесни Повици: КИО+нСБ;

в) за Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија:
КИО+КММ+нСБ,

г)за Локални Повици КИО+нСБ.

## 2.2 Предизбор На Оператор

**2.2.1** Со Предизбор На Оператор Операторот-корисник може да биде избран да пренесува Локални Повици, Меѓумесни Повици, Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија или Меѓународни Повици кои оригинираат од Претплатничка Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги според условите за Услугата дадени во овој Прилог.

**2.2.2** Претплатникот склучува Претплатнички Договор со Предизбраниот Оператор и според тоа

Давателот На Услуги однапред го поставува рутирањето на Локални Повици, Меѓумесни Повици, Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија и/или Меѓународни Повици. При Локални Повици, Меѓумесни Повици, Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија и/или Меѓународни Повици, Претплатникот не мора да го бира Кодот За Избор На Оператор, туку Кодот На Операторот е внесен во TNS (Transit Network Selection) параметарот согласно Системот За Сигнализација од локалната телефонска централа согласно Претплатничкиот Договор склучен со Предизбраниот Оператор. Доколку Претплатникот не постави Предизбран Оператор различен од Давателот На Услуги, тогаш Локалните Повици, Меѓумесните Повици, Повиците Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија и/или Меѓународните Повици ќе ги пренесува Давателот На Услуги.

### 2.2.3 Процес на воспоставување на повик:

**2.2.3.1** Претплатникот кој склучил Претплатнички Договор за Предизбор На Оператор со Операторот-корисник, по тонот за бирање, од Претплатничката Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги, бира било која од низите бројки дадени во Точка 2.2.4 без да бира Код За Избор На Оператор.

**2.2.3.2** Кодот На Операторот на Предизбраниот Оператор е внесен во TNS (Transit Network Selection) параметарот согласно Системот За Сигнализација од локалната телефонска централа на Давателот На Услуги.

**2.2.3.3** Давателот На Услуги го пренесува Повикот кој оригинира согласно Точка 2.2.3.1 до Интерконекциската Точка дефинирана со применливото рутирање.

**2.2.3.4** Од таа точка со Повикот управува Операторот-корисник.

**2.2.4** Претплатникот може со Предизбор На Оператор да ги бира следниве формати на броеви дефинирани во Планот За Нумерација:

| | |
|---|---|
| **а)** за Меѓународни Повици: | МП+КД+ПК+ПБ; или<br>МП+КД+КММ+ПБ, |
| **б)** за Меѓумесни Повици: | НП+ПК+ПБ; |
| **в)** за Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија: | НП+КММ+ПБ, |
| **г)**за Локални Повици | КИО+ПБ; или<br>НП+ПК+ПБ. |

**2.2.5**˚Претплатникот може со Предизбор На Оператор да ги бира следниве формати на скратени броеви (СкБ) дефинирани во Планот За Нумерација:

| | |
|---|---|
| б) за Меѓумесни Повици: | НП+ПК+СкБ; |
| в) за Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија: | НП+КММ+СкБ, |
| г)за Локални Повици | КИО+СкБ; или<br>НП+ПК+СкБ. |

**2.2.6**˚Претплатникот може со Предизбор На Оператор да ги бира следниве формати на национални скратени броеви (нСБ) дефинирани во Планот За Нумерација:

| | |
|---|---|
| б) за Меѓумесни Повици: | нСБ; |
| в) за Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија: | КММ+нСБ, |
| г)за Локални Повици | КИО+нСБ; или<br>нСБ. |

## 3. Услови за користење на Услугата

**3.1** Услугите За Оригинирање На Повик може да ги користи Операторот-корисник кој користи Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк.

**3.2** Услугите За Оригинирање На Повик може да се користат за Повици оригинирани преку Избор На Оператор.

**3.3** Повиците оригинирани од Претплатникот со Избор На Оператор може да се воспостават преку Бирање Во Една Етапа.

**3.4** Повиканиот број може да биде било која од низите на бројки дефинирани во точка 2.1.3 или 2.2.4, за Повици оригинирани од Претплатникот преку Избор На Оператор.

**3.5** Претплатникот со Избор На Оператор може да оригинира Локални Повици, Меѓумесни Повици, Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија и/или Меѓународни Повици.

**3.6** Повиците оригинирани од Претплатникот преку Избор На Оператор со одредиште до други броеви кои не се наведени во Точките 3.4 и 3.5 или услугите кои не ги обезбедува Операторот-корисник, ги воспоставува Давателот На Услуги преку сопствената Мрежа и сметката за овие Повици на Претплатникот ја издава Давателот На Услуги.

**3.7** Операторот-корисник мора да ги извести своите Претплатници дека само услугите на Операторот-корисник наведени во Точките 3.4 и 3.5 се достапни преку Избор На Оператор, а во случај на Повици оригинирани кон други услуги преку Избор На Оператор, Услугата на Претплатникот му ја обезбедува Давателот На Услуги.

**3.8** Предуслов за користење на Услугите За Оригинирање На Повици е Операторот-корисник да има одлука за доделување на Код На Оператор издадена од АЕК. Операторот-корисник мора да достави автентична копија од оваа одлука до Давателот На Услуги во исто време со известувањето за намерата да се користат Услугите За Оригинирање На Повици.

Давателот На Услуги ќе ги пренесе до Операторот-корисник само Повиците оригинирани со Кодот За Избор На Оператор наведен во одлуката за доделување на Код На Оператор, а во случај на Предизбор На Оператор Повиците кои се предмет на Предизбор На Оператор и оригинираат од Претплатници кои ја избрале Операторот-корисник.

**3.9** Операторот-корисник ќе биде одговорен пред своите Претплатници за издавање на сметки, наплата, постапување по приговори за сметки и управување со побарувања.

**3.10** Со Услугите За Оригинирање На Повици, помеѓу Претплатничките Пристапни Точки и Интерконекциската Точка, се овозможува пренос на:

**а)** дигитализирани 0.3 – 3.4 kHz аналогни говорни сигнали во случај на Повик оригиниран од аналогна телефонска главна линија; или

**б)** 64 kbps дигитални сигнали во секој B канал, како и оние кои се наведени во подточка а), во случај на Повик оригиниран од ISDN линија

Врската воспоставена помеѓу Претплатничката Пристапна Точка и Интерконекциската Точка може да се користи за пренос на телефонски повици, пренос помеѓу факс уреди, или пренос преку модем на најмалку 2,400 bps.

**3.11** Обезбедувањето на Услугата За Оригинирање На Повик се врши од воспоставувањето на говорната врска помеѓу Претплатничката Пристапна Точка и Интерконекциската Точка.

**3.12** За време на користењето на Услугите За Оригинирање На Повик сигналите помеѓу Мрежите на Страните се сигнали согласно Системот За Сигнализација.

**3.13** Повиците со одредиште кон Операторот-корисник оригинирани преку Предизбор На Оператор се предмет на важечкиот Претплатнички Договор помеѓу Претплатникот и Операторот-корисник.

**3.14** Операторот-корисник може за својот Претплатник да нарача од Давателот На Услуги да обезбеди рутирање на предизбрани Локални Повици, Меѓумесни Повици, Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија и/или Меѓународни Повици до Мрежата на Операторот-корисник со користење на Услугата За Поставување На Предизбран Оператор.

**3.15** Доколку повиканиот број не е важечки број или до него не може да се пристапи од Мрежата На Операторот-корисник, тогаш Операторот-корисник не е обврзан да го проследи Повикот. Операторот-корисник за истото треба да го извести Давателот На Услуги со соодветна сигнализациска порака.

**3.16** Меѓународни Повици оригинирани со Избор На Оператор насочени кон Македонскиот код на држава ќе бидат блокирани.

**3.17** Во случај на Услугата За Оригинирање На Повик, Давателот На Услуги и ги предава на Операторот-корисник, како информација за претплатнички број, бројките кои се бирани од страна на Претплатникот, во зависност од видот на Повикот, со меѓународен формат или национален формат, како што е дефинирано во Планот за Нумерација и го наведува Кодот На Оператор во TNS (Transit Network Selection) параметрот согласно Системот За Сигнализација.

**3.18** Предуслов за нарачување на Услугата За Оригинирање На Повик со Избор На Оператор е Мрежата на Операторот-корисник (како Национален Мрежен Оператор) да биде Интерконектирана со Мрежата на Давателот На Услуги во сите 3 (три) Регионални Интерконекциски Точки лоцирани во различни Регионални Зони на Давателот На Услуги. Регионалните Мрежни Оператори немаат право да бараат Услуга За Оригинирање На Повик.

**3.19** Предуслов за користење на Услугите За Оригинирање На Повик е претходно нарачување на Услугата За Поставување На Код За Избор На Оператор.

**3.20** По предавањето на Повикот преку Интерконекциската Точка, Операторот-корисник ќе ги отстрани информациите во однос на Избор На Оператор од TNS (Transit Network Selection) параметарот.

## 4. Рутирање

### 4.1 Локално Оригинирање На Повик

Локалните Повици оригинирани со Избор На Оператор – со избирање на Операторот-корисник – ги рутира Давателот На Услуги до Локалните Интерконекциски Централи, до Телефонскиот Интерконекциски Линк дефиниран од Операторот-корисник.

Повиците оригинирани со Избор На Оператор – со избирање на Операторот-корисник – Давателот На Услуги и ги предава на Операторот-корисник на Локалната Интерконекциска Точка која се наоѓа во истата Основна Зона како Претплатничка Пристапна Точка од која Повикот бил оригиниран (принцип за рутирање ‘близок - крај’).

### 4.2 Регионално Оригинирање На Повик

Меѓумесните Повици, Повиците од Фиксна кон Мобилна Телефонија и/или Меѓународните Повици

оригинирани со Избор на Оператор – со избирање на Операторот-корисник – ги рутира Давателот На Услуги до Регионалните Интерконекциски Централи до Телефонскиот Интерконекциски Линк дефиниран од Операторот-корисник.

Повиците оригинирани со Избор На Оператор – со избирање на Операторот-корисник – Давателот На Услуги и ги предава на Операторот-корисник на Регионалната Интерконекциска Точка која е лоцирана во истата Регионална Зона со Претплатничката Пристапна Точка од која Повикот бил оригиниран (принцип за рутирање ‘близок - крај’).

## 5. Надоместоци, Фактурирање

**5.1** Услугите За Оригинирање На Повици дефинирани во овој Прилог ги обезбедува Давателот На Услуги, а ги користи Операторот-корисник.

**5.2** Давателот На Услуги наплаќа по минута Надоместоци За Услуги дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) пропорционални на Времетраењето На Повик за користењето на Услугите За Оригинирање На Повици кои ги користи Операторот-корисник.

**5.3** Операторот-корисник плаќа за користењето на Услугите За Оригинирање На Повик Надоместоци За Услуги дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) по фактура издадена од Давателот На Услуги.

**5.4** Доколку за Повиците кои се предадени на Мрежата на Операторот-корисник во Интерконекциската Точка – кои се користат во рамките на Услугата За Оригинирање На Повик – степенот на Неуспешни Повици во даден календарски месец надминува 25% по вина на Партнерот, тогаш Давателот На Услуги може да наплати Услуги За Оригинирање На Повици за 1 (една) минута времетраење за Повиците кои го надминуваат лимитот од 25%.

**5.5** .Во однос на сигнализациските пораки потребни за обезбедување на Услугите За Оригинирање На Повици, Тарифата За Користење ја вклучува наплатата применлива за пренос на такви сигнализациски пораки. Ова значи дека сигнализациските пораки кои бараат STP (Signaling Transfer Point) функција не се вклучени во Тарифата За Користење. Сигнализациските пораки кои се однесуваат на STP (Signaling Transfer Point) функцијата ќе биде предмет на посебен комерцијален договор.

## 6. Параметри за квалитет

Целни вредности:

| **Параметар за квалитет** | **Стандардно ниво** |
|---|---|
| Време На Имплементација:<br>а) доколку од Операторот-корисник е побарано рутирање до Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се воспостави во согласност со Распоредот За Имплементација, пред да биде прифатен Распоредот За Имплементација<br>б) во друг случај (претпоставувајќи дека постои Телефонски Интерконекциски Линк) | од успешното завршување на Тестот За (Проширување На) Системите За Комутација За Интерконекција што треба да се спроведе на Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се стави во функција<br>1 (еден) месец |
| Време На Отстранување На Грешка | според Прилог 7.Б |
| Годишна Достапност | 99,00% |
| Време На Дисконекција | 1 (еден) месец |

## 7. Предвидување

**7.1** Секој квартал Операторот-корисник мора да поднесе до Давателот На Услуги, Тековно Предвидување за следната 1 (една) година.

**7.2** Операторот-корисник мора да го наведе во Формуларот За Барање За Услуги За Сообраќај нарачувањето или откажувањето на Услугите За Оригинирање На Повик.

**7.3** Содржината и процедурата на Предвидување се регулирни во Прилог 5 (Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линкови).

## 8. Одговорност

**8.1** Давателот На Услуги е одговорен за Услугите За Оригинирање На Повик од Претплатничката Пристапна Точка каде што Повикот е оригиниран до Интерконекциската Точка.

**8.2** Операторот-корисник е одговорен за понатамошно рутирање на Повикот примен на Интерконекциската Точка.

**8.3** Во врска со услугата обезбедена од страна на Операторот-корисник со посредство на Услугите За Оригинирање На Повик, Операторот-корисник има одговорност за Повиците од крај до крај.

**8.4** Страните нема да обезбедат една на друга пристап до нивниот сопствен систем за управување со мрежа.

**8.5** Операторот-корисник ќе постапува по приговорите на Претплатниците кои ги користат неговите услуга.

**8.6.**При користење на Услугата За Оригинирање На Повик, Операторот-корисникe одговорен за соодветното рутирање на Повиците насочени кон Пренесени Броеви.

## 9. Ограничувања при користење на Услугата

### 9.1 Општи ограничувања

**9.1.1** Избор На Оператор не е достапен од јавни говорници.

**9.1.2** Услугите За Оригинирање На Повик не може да се користат за пристап до служби за односи со корисници и давање на информации за претплатници, како и за пристап до негеографски броеви од сериите 05 и 08 согласно Планост за Нумерација.

**9.1.3** Избор На Оператор не е применлив за  пренос на податоци пренесени преку ISDN D канал.

**9.1.4** Избор На Оператор не може да се користи од Претплатнички Пристапни Точки каде Претплатникот користи тарифен пакет поврзан со beneficirani tarifni paketi.

### 9.2 Карактеристични Ограничувања за Македонски Телеком АД

**9.2.1** Повици иницирани од GSM-RLL радио Претплатнички Пристапни Точки на фиксни локации може да бидат предадени на Регионалните Интерконекциски Точки Скопје и Штип.

**9.2.2** Поврзувањето помеѓу GSM-RLL радио Претплатнички Пристапни Точки на фиксни локации и Интерконекциска Точка е соодветно за квалитетот на пренос на говор и на податоци специфициран за Мобилна Радио Телефонска Мрежа.

**9.2.3** Во случај на Повици иницирани од GSM-RLL радио Претплатнички Пристапни Точки на фиксни локации, точката за предавање на Повикот може да се разликува од рутирањето на сообраќај опишано во Точка 4 поради поинаквата структура на Мобилната Радио Телефонска Мрежа која го обезбедува решението. Без оглед на различното рутирање на сообраќајот надоместовците за овие Повици остануваат исти како надоместоците кои се применуваaат за рутирање на сообраќај опишано во Точка 4.

**9.2.4** Избор на Оператор не може да се користи од VSAT радио Претплатнички Пристапни Точки на фиксни локации.

# ПРИЛОГ 3.Б-2:
# УСЛУГИ ЗА ТЕРМИНИРАЊЕ НА ПОВИК

## 1. Краток опис на услугите

### 1.1 Услуга За Локално Терминирање На Повик

Со Услугата За Локално Терминирање На Повик Давателот На Услуги го пренесува Повикот кој доаѓа од Претплатници во Мрежата на Операторот-корисник на Локалната Интерконекциска Точка која се наоѓа во една од Основните Зони на Давателот На Услуги до Претплатничка Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги која се наоѓа во истата Основна Зона, идентификувана со Национален Географски Број.




### 1.2 Услуга За Регионално Терминирање На Повик

Со Услугата За Регионално Терминирање На Повик Давателот На Услуги го пренесува Повикот кој доаѓа од Претплатници во Мрежата на Операторот-корисник на Регионалната Интерконекциска Точка која се наоѓа во една од Регионалните Зони на Давателот На Услуги до Претплатничка Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги која се наоѓа во истата Регионална Зона, идентификувана со Национален Географски Број.




### 1.3 Услуга За Национално Терминирање На Повик

Со Услугата За Национално Терминирање На Повик Давателот На Услуги го пренесува Повикот кој доаѓа од Претплатници во Мрежата на Операторот-корисник на Регионалната Интерконекциска Точка која се наоѓа во една од Регионалните Зони на Давателот На Услуги до Претплатничка Пристапна Точка на Мрежата на Давателот На Услуги која се наоѓа во различна Регионална Зона, идентификувана со Национален Географски Број.




## 2. Услови за користење на Услугата

**2.1** Услугите За Терминирање На Повик може да ги користи Операторот-корисник кој користи Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк.

**2.2** Повиканиот број за Услугите За Терминирање На Повик може да биде само Национален Географски Број кој припаѓа на Мрежата на Давателот На Услуга, додека Повикувачки Број може да биде само Претплатнички Телефонски Број на Претплатник од Мрежата на Операторот-корисник согласно важечкиот План за нумерација на Република Македонија.

**2.3** Повиканиот број ја дефинира Претплатничката Пристапна Точка.

**2.4** Со Услугите За Терминирање На Повик, помеѓу Интерконекциската Точка и повиканата Претплатничката Пристапна Точка, се овозможува пренос на:

**а)** дигитализирани 0.3 – 3.4 kHz аналогни говорни сигнали во случај на Повик со одредиште кон аналогна телефонска главна линија; или
**б)** 64 kbps дигитални сигнали во секој B канал, покрај оние наведени во поддточка а), во случај на Повик со одредиште до ISDN линија;

Врската воспоставена помеѓу Интерконекциската Точка и повиканата Претплатничката Пристапна Точка може да се користи за пренос на телефонски повици, пренос помеѓу факс уреди или пренос преку модем на најмалку 2,400 bps.

**2.5** Обезбедувањето на Услугите За Терминирање На Повик се врши од воспоставувањето на говорна врска помеѓу Интерконекциската Точка и повиканата Претплатничката Пристапна Точка

**2.6** За време на користење на Услугите За Терминирање На Повик сигналите помеѓу Мрежите на Страните се сигнали согласно Системот За Сигнализација.

**2.7** Доколку повиканиот број не е важечки број или до него не може да се пристапи од Мрежата На Давателот На Услуги, тогаш Давателот На Услуга не е обврзан да го терминира Повикот. Ова мора да биде назначено од страна на Давателот На Услуга со соодветна сигнализациска порака.

**2.8** Во случај на Услуга За Терминирање На Повик, Операторот-корисник ги предава, како информација за претплатнички број, бројките кои се бирани од страна на Претплатникот во формат на национален број дефиниран во Планот За Нумерација.

**2.9** Кога Операторот-корисник како избран оператор сака да терминира Повик оригиниран преку Избор На Оператор со користење на Услугата За Терминирање На Повик на Македонски Телеком АД, тогаш таа ќе го отстрани Кодот На Оператор пренесен од TNS (Transit Network Selection) параметарот.

**2.10** За време на обезбедувањето на Услугата За Терминирање На Повик, Давателот На Услуги нема обврска да врши упити на базата на податоци (Централната База На Податоци) која содржи Пренесени Броеви**.**

**2.11** Давателот на Услуги ќе биде во можност да изврши терминирање на Повици насочени кон Пренесен Број кој ја идентификува Претплатничката Пристапна Точка од Мрежата на Давателот На Услуги, само доколку Операторот-корисник го предаде Повикот на Интерконекциската Точка на Давателот На Услуги со вметнување на Рутирачкиот Број пред повиканиот Претплатнички Број. Претплатничкиот Број треба да биде во формат на национален број (Броевите можат да бидат пренесени од Мрежата на друга страна до Мрежата на Давателот На Услуги или да бидат пренесени во рамките на Мрежата на Давателот На Услуги [во истото нумерациско географско подрачје].

## 3. Рутирање

### 3.1 Рутирање на Сообраќај примен на Локална Интерконекциска Точка

Давателот На Услуга мора да ги терминира само таквите Повици примени на дадена Локална Интерконекциска Точка, кои ќе бидат терминирани во Претплатничка Пристапна Точка на Давателот На Услугата која се наоѓа во истата Основна Зона како и Локалната Интерконекциска Точка.

### 3.2 Рутирање на Сообраќај примен на Регионална Интерконекциска Точка

Давателот На Услуга мора да ги терминира само таквите Повици примени во дадена Регионална Интерконекциска Точка, кои ќе бидат терминирани во Претплатничка Пристапна Точка на Давателот На Услуги

**а)** која се наоѓа во истата Регионална Зона како и Регионалната Интерконекциска Точка, или
**б)** која се наоѓа во Регионалната Зона во која Операторот-корисник нема Интерконекциска Точка.

## 4. Надоместоци, фактурирање

**4.1** Услугите За Терминирање На Повик дефинирани во овој Прилог ги обезбедува Давателот На Услуги, а ги користи Операторот-корисник.

**4.2** Давателот На Услуги наплаќа по минута Надоместоци За Услуги дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) пропорционални на Времетраењето На Повик за користење на Услугите За Терминирање На Повик кои ги користи Операторот-корисник.

**4.3** Операторот-корисник плаќа за користењето на Услугите За Терминирање На Повик Надоместоци За Услуги дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) по фактура издадена од Давателот На Услуги.

**4.4** Во однос на сигнализациските пораки потребни за обезбедување на Услугите За Терминирање На Повик, Тарифата За Користење ја вклучува наплатата соодветна за преносот на таквите сигнализациски пораки. Ова значи дека сигнализациските пораки кои бараат STP (Signaling Transfer Point) функција не се вклучени во Тарифата За Користење. Сигнализациските пораки кои се однесуваат на STP (Signaling Transfer Point) функцијата ќе бидат предмет на посебен комерцијален договор.

**4.5** Доколку за Повиците кои се превземени од Мрежата на Операторот-корисник во Интерконекциската Точка, - кои се користат во рамките на Услугата За Терминирање На Повик- степенот на Неуспешни Повици во даден календарски месец надминува 25% по вина на Партнерот, тогаш Давателот На Услуга може да наплати Услуги За Терминирање На Повик за 1 (една) минута времетраење за Повиците кои го надминуваат лимитот од 25%.

## 5. Параметри за квалитет

Целни вредности:

| **Параметар за квалитет** | **Стандардно ниво** |
|---|---|
| Време На Имплементација:<br><br>а) доколку од Операторот-корисник е побарано рутирање до Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се воспостави во согласност со Распоредот За Имплементација, пред да биде прифатен Распоредот За Имплементација<br><br>б) во друг случај (претпоставувајќи дека постои Телефонски Интерконекциски Линк) | <br><br>од успешното завршување на Тестот За (Проширување На) Системите За Комутација За Интерконекција што треба да се спроведе на Телефонски Интерконекциски Линк што треба да се стави во функција<br><br>1 (еден) месец |
| Време На Отстранување На Грешка | според Прилог 7.Б |
| Годишна Достапност | 99,00% |
| Време На Дисконекција | 1 (еден) месец |

## 6. Предвидување

**6.1** Секој квартал Партнерот мора да поднесе до Македонски Телеком АД Тековно Предвидување за следната 1 (една) година.

**6.2** Партнерот мора да го наведе во Формуларот За Барање За Услуги За Сообраќај нарачувањето или откажувањето на Услугите За Терминирање На Повик.

**6.3** Содржината и процедурата на Предвидување се регулирани во Прилог 5 (Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линк).

## 7. Одговорност

**7.1** Давателот На Услуги е одговорен за Услугите За Терминирање На Повик од Интерконекциска Точка до повиканата Претплатничка Пристапна Точка.

**7.2** Во врска со услугата обезбедена од Операторот-корисник со посредство на Услугите За Терминирање На Повик, Операторот-корисник има одговорност за Повиците од крај до крај.

**7.3** Страните нема да обезбедат пристап една на друга до нивниот сопствен систем за управување со мрежа.

**7.4** Операторот-корисник ќе постапува по приговорите на Претплатниците кои ги користат неговите услуга.

## 8. Ограничуваа при користење на Услугата

### 8.1 Општи ограничувања

Услугите За Терминирање На Повик не се применливи за пренос на податоци пренесени преку

ISDN D канал.

### 8.2 Карактеристични ограничувања за МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД

**8.2.1** Повици насочени кон GSM-RLL радио Претплатнички Пристапни Точки на фиксни локации може да бидат предадени на Мрежата на Македонски Телеком АД само на Регионалните Интерконекциски Точки во Скопје и Штип.

**8.2.2** Поврзувањето помеѓу GSM-RLL радио Претплатничка Пристапна Точка и Интерконекциска Точка е соодветно за квалитетот на пренос на говор и на податоци специфициран за Мобилната Радио Телефонска Мрежа.

Врската помеѓу VSAT радио Претплатнички Пристапни Точки на фиксни локации и Интерконекциска Точка е соодветна за квалитетот на пренос на говор и податоци специфициран за овој тип на опрема.

## ПРИЛОГ 3.Б-3: УСЛУГА ЗА ТРАНЗИТИРАЊЕ НА ПОВИК

### 1. Краток опис на услугата

Со Услугата За Транзитирање На Повик Давателот На Услуги му овозможува на Операторот-корисник Транзитирање На Повик преку Мрежата на Давателот На Услуги кон мрежи на други Телефонски Мрежни Оператори во Република Македонија.

Во зависност од техничките услови и условите предвидени во Договорот за Интерконекција помеѓу Давателот На Услуги и Операторот-корисник и Договорот за Интерконекција помеѓу Давателот На Услуги и другите оператори како Телефонски Мрежни Оператори во Република Македонија, Давателот На Услуги ги овозможува на Операторот-корисник следните типови на Транзитирање На Повик:

**а)°**Транзитирање На Повик низ Мрежата на Давателот На Услуги пренесен помеѓу Мрежите на операторите на иста Интерконекциска Централа, Единечен Транзит (single transit); или
**б)°**Транзитирање На Повик пренесен низ Мрежата на Давателот На Услуги помеѓу Мрежите на операторите на различни Интерконекциски Централи, Двоен Транзит (double transit).

### 1.1° Единечен Транзит (single transit)

Давателот На Услуги го пренесува Повикот кој оригинира од Претплатници во Мрежата на Операторот-корисник преку Интерконекциската Точка на Операторот-корисник која се наоѓа во истата Основна Зона (Основната Зона во која се наоѓа Регионалната Интерконекциска Точка) каде што се наоѓа Интерконекциската Точка на другиот Телефонски Мрежен Оператор до чија Мрежа треба да се пренесе Повикот. Единечниот транзит подразбира користење на само една Интерконекциска централа.




### 1.2°Двоен Транзит (double transit)

Давателот На Услуги го пренесува Повикот кој оригинира од Претплатници во Мрежата на Операторот-корисник преку Интерконекциската Точка на Операторот-корисник која се наоѓа во иста или различна Регионална, а различна Основна Зона каде што се наоѓа Интерконекциската Точка на другиот Телефонски Мрежен Оператор до чија Мрежа треба да се пренесе Повикот. Двојниот транзит подразбира користење на две Интерконекциски централи.




Операторот-корисник може да побара користење на Услугата За Транзитирање за сите Интерконекциски Точки. Зависно од тоа на кои Интерконекциски точки Операторот-корисник побарал Услугата За Транзитирање и од тоа на кои Интерконекциски Точки е интерконектирана Мрежата на другата страна, можеме да ги имаме следните случаи:

**а)** Единечен Транзит со Регионално Терминирање во Јавна Фиксна Телефонска Мрежа;
**б)** Единечен Транзит со Локално Терминирање во Јавна Фиксна Телефонска Мрежа;
**в)** Двоен Транзит со Регионално Терминирање во Јавна Фиксна Телефонска Мрежа;
**г)** Двоен Транзит со Локално Терминирање во Јавна Фиксна Телефонска Мрежа
**д)** Единечен Транзит со Терминирање на Повик во Јавна Мобилна Телефонска Мрежа;
**ѓ)** Двоен Транзит со Терминирање на Повик во Јавна Мобилна Телефонска Мрежа

Кој тип на Услугата За Транзитирање ќе биде обезбедена за Операторот-корисник и Операторот–корисник во чија Мрежа терминира повикот ќе биде дефинирано во Договорот За Интерконекција.

## 2.°Услови за користење на Услугата

**2.1** Услугите За Транзитирање На Повик може да ги користи Операторот-корисник која користи Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк.

**2.2**°Операторот-корисник може да побара користење на Услугата За Транзитирање На Повик до мрежата на друг оператор на Јавна Телефонска Мрежа во РМ кој има склучено Договор За Интерконекција со Македонски Телеком АД. Во Договорот За Интерконекција другиот Оператор-корисник се согласил за Терминација На Повици од други Мрежи во неговата Мрежа преку Услугата За Транзитирање на Повици на Македонски Телеком АД.

**2.3** Повиканиот број за Услугите За Транзитирање На Повик може да биде само Претплатнички Број кој припаѓа на другиот оператор на Јавна Телефонска Мрежа, додека Повикувачки Број може да биде само Претплатнички Телефонски Број на Претплатник од Мрежата на Операторот-корисник согласно важечкиот План за нумерација на Република Македонија.

**2.4** Повиканиот број ја дефинира Претплатничката Пристапна Точка.

**2.5** Со Услугите За Транзитирање На Повик, помеѓу Интерконекциската Точка на Операторот-корисник и Интерконекциската Точка на другиот оператор, се овозможува пренос на:

**а)** дигитализирани 0.3 – 3.4 kHz аналогни говорни сигнали во случај на Повик со одредиште кон аналогна телефонска главна линија; или
**б)** 64 kbps дигитални сигнали во секој B канал, покрај оние наведени во поддточка а), во случај на Повик со одредиште до ISDN линија;

Врската воспоставена помеѓу Интерконекциската Точка на Операторот-корисник и Интерконекциската Точка на другиот оператор може да се користи за пренос на телефонски повици, пренос помеѓу факс уреди или пренос преку модем на најмалку 2,400 bps.

**2.6** Обезбедувањето на Услугите За Транзитирање На Повик се врши од воспоставувањето на говорна врска помеѓу Интерконекциската Точка на Операторот-корисник и Интерконекциската Точка на другиот оператор.

**2.7**°Повиците кон мрежата на другиот оператор што се пренесуваат од мрежата на Операторот-корисник низ мрежата на Давателот На Услуги се примаат од страна на Давателот На Услуги на ниво на Регионална Точка На Интерконекција или на Локална Точка На Интерконекција

**2.8** За време на користење на Услугите За Транзитирање На Повик сигналите помеѓу Мрежите на Страните се сигнали согласно Системот За Сигнализација.

**2.9** Во случај на Услуга За Транзитирање На Повик, Операторот-корисник ги предава, како информација за претплатнички број, бројките кои се бирани од страна на Претплатникот во формат на национален број дефиниран во Планот За Нумерација.

**2.10.°**За обезбедување на Услугите За Транзитирање На Повик, Операторот-корисник треба да достави Барање за обезбедување на Услугите За Транзитирање На Повик кон мрежи на други оператори, до Давателот На Услуги во печатена и во електронска форма на поштенските и e-mail адресите на контакт лицето за продажба наведени во Договорот За Интерконекција. Во Барањето, Операторот-корисник треба да:

**а)**°специфицира за која Јавна Телефонска Мрежа на другиот оператор се бара Услугата;
**б)**°го дефинира бараниот датум за почеток на Услугата;

Во прилог на Барањето Операторот-корисник треба да достави и предвидување за Сообраќај за Транзитирање На Повик согласно Додаток I.А (Формулар за Предвидување за Капацитет).

### 3.°Рутирање

Давателот На Услуга ќе ги рутира сите Повици примени во дадена Интерконекциска Точка за кои има претходно добиено Барање од Операторот-корисник за Транзитирање На Повик до Мрежата на друг оператор и за тоа другиот оператор претходно доставил согласност за Терминирање На Повици во негова Мрежа преку Мрежата на Давателот На Услуги.

Сите дестинации (другите оператори на Јавни Телефонски Мрежи) кон кои Операторот-корисник ќе може да транзитира повици ќе бидат дел од Договорот За Интерконекција.

### 4. Надоместоци, фактурирање

**4.1** Услугите За Транзитирање На Повик дефинирани во овој Прилог ги обезбедува Давателот На Услуги, а ги користи Операторот-корисник.

**4.2** Давателот На Услуги наплаќа по минута Надоместоци За Услуги дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) пропорционални на Времетраењето На Повик за користење на Услугите За Транзитирање На Повик кои ги користи Операторот-корисник.

**4.3** Операторот-корисник плаќа за користењето на Услугите За Транзитирање На Повик дефинирани во Прилог 8.Б заедно со Услугите за Терминирање На Повик во мрежата на другиот оператор, по фактура издадена од Давателот На Услуги.

**4.4** Во однос на сигнализациските пораки потребни за обезбедување на Услугите За Транзитирање На Повик, Тарифата За Користење ја вклучува наплатата соодветна за преносот на таквите сигнализациски пораки. Ова значи дека сигнализациските пораки кои бараат STP (Signaling Transfer Point) функција не се вклучени во Тарифата За Користење. Сигнализациските пораки кои се однесуваат на STP (Signaling Transfer Point) функцијата ќе бидат предмет на посебен комерцијален договор.

**4.5** Доколку за Повиците кои се превземени од Мрежата на Операторот-корисник во

Интерконекциската Точка, - кои се користат во рамките на Услугата За Транзитирање На Повик- степенот на Неуспешни Повици во даден календарски месец надминува 25% по вина на Партнерот, тогаш Давателот На Услуга може да наплати Услуги За Транзитирање На Повик за 1 (една) минута времетраење за Повиците кои го надминуваат лимитот од 25%.

**5. Параметри за квалитет**

Целни вредности:

| **Параметар за квалитет** | **Стандардно ниво** |
|---|---|
| Време На Имплементација:<br><br>Под претпоставка дека постои Телефонски Интерконекциски Линк кај Операторот-корисник и другиот оператор | 1 (еден) месец |
| Време На Отстранување На Грешка | Според Прилог 7.Б |
| Годишна Достапност | 99,00% |
| Време На Дисконекција | 1 (еден) месец |

**6. Предвидување**

**6.1** Секој квартал Партнерот мора да поднесе до Давателот На Услуги Тековно Предвидување за следната 1 (една) година.

**6.2** Партнерот мора да го наведе во Формуларот За Барање За Услуги За Сообраќај нарачувањето или откажувањето на Услугите За Транзитирање На Повик.

**6.3** Содржината и процедурата на Предвидување се регулирани во Прилог 5 (Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линк).

**7. Одговорност**

**7.1.**Давателот На Услуги е одговорен за обезбедување на целосна Услуга За Транзитирање На Повици кон мрежи на други оператори во однос на Транзитирање На Повикот и Терминирање На Повикот

**7.2** Во врска со услугата обезбедена од Операторот-корисник со посредство на Услугите За Транзитирање На Повик, Операторот-корисник има одговорност за Повиците од крај до крај.

**7.3** Страните нема да обезбедат пристап една на друга до нивниот сопствен систем за управување со мрежа.

**7.4** Операторот-корисник ќе постапува по приговорите на Претплатниците кои ја користат нејзината услуга.

**8. Ограничувања при користење на Услугата**

Услугите За Транзитирање На Повик не се применливи за пренос на податоци пренесени преку ISDN D канал.